Република Северна Македонија

Министерство за правда

ИНФОРМАЦИЈА
за примена на Законот за нотаријатот
за 2025 година

јуни 2026 година

1. ВОВЕД

Информацијата за примена на Законот за нотаријатот за 2025 година, е изготвена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година и има за цел да ги презентира податоците за спроведување на Законот за нотаријатот за 2025 година од аспект на вршењето на редовната нотарска служба, односно вкупниот број на примени предмети од нотарите, финансиското работење на нотарите, наплатената судска такса, постапувањето на нотарите по оставинските предмети како повереници на судот, издавањето на решенија за нотарските платни налози врз основа на веродостојни исправи, надлежноста да составуваат и потврдуваат задолжници согласно Законот за задолжница, бројот на именувани нотари и нотари на кои им престанала службата, податоци за бројот и ефектите од извршени редовни надзори и надзори по конкретни предмети на нотарите, поднесени предлози за поведување на дисциплински постапки против нотарите од страна на Министерот за правда како овластен предлагач, изречените дисциплинските мерки на нотарите кои сториле дисциплински повреди и соработката помеѓу Министерството за правда и Нотарската комора на Република Северна Македонија.

2. ЛЕГИСЛАТИВА

Нотаријатот е востановен како самостојна, независна јавна служба во која се вршат работи од видот на јавни овластувања врз основа на закон по барање на граѓаните, државните органи, правните лица и други заинтересирани институции, кој позитивно се одрази врз целокупното функционирање на правниот систем, а особено влијаеше врз унапредувањето и зголемувањето на правната сигурност, согласно Законот за нотаријатот („Службен весник на РМ„бр. 72/16, 142/16 и 233/18).

Согласно Законот за вонпарнична постапка („Службен весник на Република Македонија” бр.9/08), нотарите постапуваат како повереници на судовите во однос на неспорните оставински предмети.

Согласно одредбите на Законот за задолжница („Службен весник на РМ“ бр.59/12 и 12/2014), нотарите се овластени да составуваат и заверуваат задолжници како потврдена приватна исправа со која должникот дава согласност, побарувањето

на доверителот назначено во задолжницата присилно да се наплати од сите расположливи средства на должникот кај носителите на платниот промет.

3. РЕЗУЛТАТИ ОД ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА НОТАРИЈАТОТ

Според одредбите на член 153 став (5) од Законот за нотаријатот, нотарот е должен најдоцна до 15 март секоја година да достави писмен извештај за неговото работење во претходната година, во кој го наведува вкупниот број на уписи, висината на наградата остварена во текот на работењето во таа година, висината на наплатената такса, износот на трошоците на работењето и износот на остварената добивка. Претседателот на Комората во наредните 15 дена доставува извештај за добиените податоци до Министерството.

Податоците користени и анализирани во оваа Информација се преземени од писмениот извештај на Нотарската комора на Република Северна Македонија, за работењето на 219 нотари.

3.1 Надлежност на нотарите да спроведуваат оставински постапки како доверена работа од судовите

Во рамките на надлежноста на нотарите во својство на повереници на судот да постапуваат по оставинските предмети во кои што начинот на распределба на имотот е неспорен, во 2025 година вкупниот број на оставински предмети доверени од судовите на постапување на нотарите изнесува 17.651 предмети, од кои решени и правосилни се вкупно 12.241 оставински предмети или 69,35 % од доверените предмети од судовите.

За потребите на анализата изготвен е табеларен преглед Табела 1 за примени оставински предмети, решени оставински предмети во календарската 2023 година, 2024 година и 2025 година и процентот на успешност на решавање на овие предмети по подрачјата на основните судови на кои се именувани нотарите.

Анализирајќи ги податоците за бројот на вкупно примените оставински предмети во текот на 2025 година (17.651 предмети) со бројот на вкупно примените оставински предмети во календарската 2024 година (17.168 предмети), постои зголемување на вкупно примените оставински предмети за 483 предмети.

Анализирајќи го процентот на решените оставински предмети, од аспект на бројот на решените оставински предмети во текот на 2024 година, забележително е благо намалување на ефикасноста на нотарите. Имено, 69 % од бројот на примените предмети во 2025 година се решени, што претставува 1% намалување во споредба со 2024 година.

Најмала ефикасност во решавањето на доверените оставински предмети во 2025 година во споредба со 2024 година, прикажуваат нотарите од подрачјето на Основен суд Крива Паланка со 26,61% решени оставински предмети.

Најголема ефикасност во решавањето на доверните оставински предмети во 2025 година прикажале нотарите од подрачјето на Основен суд Свети Николе со 91,71%, Основен суд Кавадарци со 91,69%, Основен суд Гевгелија со 89,68% и Основен суд Виница со 89,14%.

3.2 Надлежност на нотарите да донесуваат решенија за издавање на нотарски платен налог

Нотарите издаваат решенија за нотарски платен налог врз основа на веродостојни исправи, а судот во процесот се инволвира само по приговори против решенијата донесени од нотарите, при што постапуваат согласно одредбите на Законот за парничната постапка во постапка по приговор на платен налог.

За потребите на анализата изготвен е Табеларен преглед Табела 2 на број на примени предлози за издавање на решение за нотарски платен налог, колку од примените предмети се правосилни и извршни и процентот на решавање на примените предмети.

Забележано е намалување на вкупниот број на примени предлози за издавање на решенија за нотарски платен налог кој во 2024 година изнесувал 242.850 предмети, а во 2025 година изнесува 227.795 предмети, што преставува намалување за 15055 предмети. Притоа овој тренд на намалување се забележува во 21 подрачје на основните судови и тоа најмногу во Скопје, Куманово, Кочани и Битола, додека зголемување на бројот на примени предлози за издавање на решенија за нотарски платен налог има во Охрид, Тетово, Штип, Струга и Велес.

Процентот на реализација на предметите односно нивна правосилност и извршност во 2025 година изнесува 60,86% од примените предмети. Па така во 2025 година, правосилни станале 138.651 предмети односно 60,68%, додека во 2024 година, правосилни станале 147.904 предмети односно 60,90%.

Примената на Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/16, 142/16 и 233/18), со кој се воведе нотарскиот платен налог и се пропиша дека нотарите издаваат решенија за нотарски платен налог врз основа на веродостојни исправи, а судот во процесот се инволвира само по приговори против решенијата донесени од нотарите, при што постапуваат согласно одредбите на Законот за парничната постапка во постапка по приговор на платен налог.

3.3 Изготвени и потврдени задолжници

Задолжницата како правен инструмент за обезбедување на паричните побарувања помеѓу правните субјекти беше воведена со донесување на Законот за задолжница („Службен весник на Република Македонија" бр.59/2012 и 12/2014) кој започна да се применува од 01.09.2012 година.

Интензитетот на примената на овој правен инструмент континуирано слабее, односно не се применува, па така и во 2025 година, како и во 2024 година во Регистарот на задолжници нема издадено нови задолжници, ниту пак избришано ниту една задолжница. Веќе години наназад во Информациите на Министерството за правда се укажува на потребата за анализа на целисходноста на Законот за задолжници кој очигледно не заживеа во правниот промет на Република Северна Македонија и негово целосно укинување од правниот промет на државата.

3.4. Вкупен број на уписи во уписниците и финансиски резултати од работење на нотарите

Според член 153 став (5) од Законот за нотаријатот („Службен весник на РМ" бр. 72/16, 142/16 и 233/18), нотарот е должен најдоцна до 15 март секоја година до Нотарската Комора да достави финансиски писмен извештај за неговото работење во претходната година, во кој се наведува вкупниот број на уписи, висината на наградата остварена во текот на работењето во таа година, висината на наплатена

такса, износот на трошоците на работењето и износот на остварената добивка. Претседателот на Комората во наредните 15 дена доставува извештај за добиените податоци до Министерството за правда.

Според добиените податоци од Нотарската комора од годишниот извештај за работењето на нотарите во 2025 година, 211 нотари доставиле писмен извештај за своето работење.

Според податоците, во 2025 година нотарите на територијата на Република Северна Македонија извршиле вкупно 142.514 уписи во ОДУ уписниците (нотарски акти и солемнизации), 1.610.183 уписи во Уписниците за заверки и потврди (заверки на потписи, преписи, преводи), 227.795 уписи во Уписникот за нотарски платни налози, 17.651 уписи во Уписникот за доверени работи, 1 упис во Уписникот за протести и 97 уписи во Депозитната книга.

Споредбено со 2024 година, нотарите во 2025 година извршиле 5.887 уписи повеќе во ОДУ уписниците (нотарски акти и солемнизации), 45.267 уписи повеќе во Уписниците за заверки и потврди (заверки на потписи, преписи, преводи), во Уписникот за нотарски платни налози, нотарите извршиле помалку уписи и тоа за 15.055, во Уписникот за доверени работи извршител 483 уписи повеќе, во Депозитната книга извршиле 30 уписи повеќе.

Притоа нотарите остварile бруто нотарска награда во износ од 1.185.675.323,00 денари (19.279.273 ЕУР) и наплатиле судски такси во вкупен износ од 192.591.085,00 денари (3.131.562 ЕУР). Вкупниот износ на трошоци кој го прикажале нотарите во работењето во текот на 2025 година изнесува 718.273.738,00 денари (11.679.247 ЕУР), а вкупниот износ на остварена нето добивка изнесува 467.101.558,00 денари (7.595.147 ЕУР).

Општ деловен уписник (ОДУ)

За потребите на анализата изготвен е табеларен преглед Табела 3 на вкупен број на уписи во Општиот деловен уписник ОДУ за 2023 година, за 2024 година и за 2025 година, како и анализа на вкупниот број на извршени уписи споредбено за 2024 година и 2025 година изразена во проценти, по подрачја на основните судови.

Од анализата на податоците за 2025 година споредбено со 2024 година, може да се констатира дека нотарите на територијата на Република Северна Македонија во текот на 2025 година споредбено со 2024 година, извршиле 5.887 повеќе уписи во ОДУ уписниците (нотарските акти и солемнизации) или искажано во проценти 4,30% зголемување. Растот на предметите е евидентен кај повеќето нотари на подрачјата на Основните судови во РСМ освен на подрачјето на Основен суд Дебар, Основен суд Гостивар, Основен суд Кочани, Основен суд Куманово, Основен суд Кавадарци, Основен суд Кратово, и Основен суд Неготино каде е забележано намалување на запишаните предмети. Најголемо зголемување на бројот на уписите во ОДУ уписникот прикажале нотарите за подрачјето на Основен суд Струмица и тоа 15,51%, Основен суд Ресен зголемување од 13,92% и Основен суд Тетово за 12,36%, додека најмало зголемување е забележано за подрачјето на Основен суд Берово само 1,01%.

Уписник за заверки и потврди (УЗП)

За потребите на анализата изготвен е табеларен преглед Табела 4 на вкупен број на уписи во Уписникот за заверки и потврди за УЗП за 2023 година, за 2024 година и за 2025 година, како и анализа на вкупниот број на извршени уписи споредбено за 2024 година и 2025 година изразена во проценти (предмети кои се однесуваат на заверка на потписи, преписи и преводи).

Во 2025 година во споредба со 2024 година, забележано е зголемување на бројот на извршените уписи „УЗП“ кај нотарите.

Бројот на уписите во Уписникот за заверки и потврди за 2025 година е зголемен за 45.267 уписи или за 2,89% повеќе, во споредба со 2024 година.

Најголемо зголемување на бројот на уписи прикажале нотарите за подрачјето на Основен суд Крушево за 20,48%, Основен суд Гевгелија за 13,08%, Основен суд Ресен за 11,49% и Основен суд Струга за 10,62%, додека намалување на бројот на УЗП уписи прикажале нотарите на подрачјето на Основен суд Штип за -18,38%, Основен суд Радовиш за -14,10%, Основен суд Дебар за -8,32%, Основен суд Кратово за -5,15%, Основен суд Велес за -4,61%, Основен суд Делчево за -4,06% и Основен суд Битола за -1,49%.

4. Финансиска состојба на нотарите

Во прилог на Информацијата прикажан е табеларен преглед Табела 5 за вкупните остварени приходи на нотарите по основ на нотарска награда, расходите на нотарите, нето добивката по одбивање на расходите, просекот по нотар од соодветно подрачје по прикажан приход и просекот по нотар по остварена нето добивка во 2025 година споредбено со претходната 2024 година.

Од анализата на доставените податоци може да се констатира дека во 2025 година во однос на 2024 година забележано е зголемување на вкупните приходи на нотарите за 5, 9% што покажува дека во 2025 година обемот на работата на нотарите бил зголемен. Според обработените податоци нотарите имаат прикажано високи трошоци така што расходите останале останале исти со незначително намалување од -0,1 % во 2025 година. Во однос на остварената добивка е констатирано дека во 2025 година истата е зголемена за 16,6 %. Доколку пак се спореди просекот на остварениот приход и добивка по нотар споредбено за 2024 и 2025 година е забележано дека просечниот просек по нотар по вкупен приход е зголемен за 14% додека пак просекот по нотар по вкупна добивка бележи зголемување од 25,5%.

4.1. Вкупни приходи

Во 2025 година нотарите оствариле приходи во вкупен износ од 1.185,675,323 денари, што претставува зголемување на вкупните приходи во однос на 2024 година кога вкупните приходи изнесувале 1.119.851.688 денари, или зголемување на приходот за 5,9%.

Зголемување на приходот е евидентирано за повеќето подрачја на Основните судови во РСМ така што од вкупно 26 подрачја во 19 градови приходот е зголемен а во 7 градови е евидентирано намалување на вкупните приходи на нотарите. Најголем пораст на приходите е забележан во Тетово за 25,6%, во Виница за 19,7%, во Берово за 18,3%, во Крива Паланка за 14,3 %, во Охрид за 11,4% , во Гевгелија 10,8%, во Прилеп за 10,5%, во Струмица за 9,1 % во Битола за 8,8%, во Куманово за 7,2%, Радовиш за 7,3%, во Штип за 6,7 % во Струга за 6,6% а во Скопје за 4,1%.

Највисок процент на намалување на приходите е забележано во помалите градови со помал број население така што за подрачјето на Основниот суд во Кратово каде има само еден нотар приходот е намален за - 44,4 %, за подрачјето на Основен суд Дебар каде има три нотари приходот е намален за -26 ,3 %, за подрачјето на Основен суд Свети Николе каде има три нотари е евидентирано намалување на приходот од -17,4 %, за подрачјето на Основниот суд во Крушево каде има еден нотар има намалување од - 6,2 % , како и за подрачјето на Основен суд Кичево за -5,3%, за подрачјето на Основен суд Неготино за –4,5%, а незначително намалување на приходите е забележано и за подрачјето на Основен суд Гостивар за -0,5%.

4.2 Расходи

Вкупните расходи на ниво на нотаријатот во 2025 година изнесуваат 718.273,738 денари, додека во 2024 година изнесуваа 719.219,438 денари што значи дека има минимално намалување на трошоците за -0,1 % . Од вкупно 26 подрачја на Основните судови во Република Северна Македонија во 13 подрачја има зголемување на расходите, а во останатите 13 подрачја е прикажано намалување на расходите на нотарите.

Ако се разгледуваат расходите по подрачја на основните судови се констатира дека во 2025 година најголем пораст на расходите прикажале нотарите од Крива Паланка 50,3%, Виница за 40,9%, Охрид за 30,6%, Крушево за 26,5%, Кавадарци за 18,2%, Делчево за 14,1%, Ресен за 12,3%, Берово 8,7%,Тетово 6,8%.

Намалување на расходите имаат прикажано нотарите од следните нотарски подрачја: Неготино за -24%, Кратово за -22,7%, Кичево за 20,2%, Гостивар за -15,9%, Свети Николе за -10% , Гевгелија за -7,7% Битола за -8,2%, Кочани, Струмица и Дебар за -7,2 % и Радовиш за -5%.

Анализата на податоците за прижажаните расходи на нотарите покажува дека како и во изминатите години наназад останува трендот на зголемено прикажување на трошоците во работата на нотарите. Имено кај повеќето поединечни нотари расходот

е поголем или приближно еднаков со остварената добивка, а тоа е особено присутно во канцелариите со највисоко остварени приходи.

Прикажаните расходи во работата на нотарите зафаќаат голем дел односно повеќе од половината од вкупно остварените и реализирани приходи на нотарите на територијата на државата со оглед на тоа што вкупните приходи на нотарите во 2025 година изнесуваат 1.185.675,323,00 денари, а расходите изнесуваат 718,273,738,00 денари.

4.3. Добивка

Во 2025 година нотарите остварile вкупна добивка од 467.101.558,00 денари што значи дека има зголемување од 16,6% во однос на 2024 година кога вкупната добивка изнесувала 400.661.550,00 денари денари. Според обработените податоци во 2025 година е забележано пораст просекот по нотар по вкупна добивка за 25,5 % во однос на 2024 година.

Зголемување на добивката во 2025 година е евидентирано кај нотарите од 16 нотарски подарачја а позначајно зголемување на добивката имаат остварено нотарите во Гостивар за 74,8 %, во Тетово за 73,6%, во Берово за 53,4%, во Гевгелија за 52,9%, во Неготино за 50%, во Радовиш за 42,8% во Струмица за 38,3 %, во Битола за 35,6 %, во Кичево за 31,6 %, %, во Прилеп за 30,9 %, во Штип за 16,6%, во Кочани за 15,9% во Куманово за 14,7 % , во Струга за 12,6 %, во Скопје за 11,7% и во Велес за 6,8%

Во 2025 година е евидентирано намалување на добивката за 10 нотарски подрачја а позначителен пад на добивката е забележан во Дебар за -74,8%, во Кратово за -67,8%, во Крушево за -47,5%, во Виница за -29,2 %, во Свети Николе за -25,5 % во Делчево за -21,3%, во Крива Паланка за -20,7%, во Кавадарци за -20,3 %, во Охрид за -19,2% и во Ресен за - 4,9%.

Најголемите односно највисоки добивки на нотарите се забележани на подрачјето на Скопје што е очекувано и одговара на големината на градот и развиеноста на правниот промет, а потоа следуваат Тетово каде 1 нотар има добивка над 6 милиони денари, Куманово каде исто така еден нотар има добивка над 6 милиони денари и Битола каде еден нотар има остварено добивка над 5 милиони денари.

Поединечните анализи покажуваат дека за подрачјето на основните судови на градот Скопје во 2025 година е забележано зголемување на просекот по остварена добивка по нотар по вкупна добивка за 22,2%, што значи дека нотарите прикажале и остварile поголема добивка во однос на 2024 година. Нотарите од подрачјето на градот Скопје имаат остварено највисоки износи на поединечна добивка споредено со сите останати градови во државата. Во однос на прикажаните добивки се констатира дека највисоките добивки се остватени за подрајето на градот Скопје и тоа 1 нотар во Скопје остварено добивка од над 18 милиони денари, 1 нотар над 16 милиони денари, 3 нотари над 10 милиони денари, 1 нотари над 7 милиони денари и 6 нотари остварile добивка од над 6 милиони денари, 2 нотари остварile добивка од над 5 милиони денари, а останатите нотари ја реализирале преостанатата добивка на подрачјето на основните судови на градот Скопје.

Просекот за добивка по нотар за подрачјето на градот Скопје изнесува 3.530.589 денари, додека пак просекот по нотар по добивка на нотарите за сите подрачја изнесува 2.234,985 денари. Од ваквата состојба произлегува дека и понатаму како и во изминатите години останува констатацијата дека најголеми добивки остваруваат нотарите од подрачјето на градот Скопје и дека постои огромна диспропорција во работата и добивката на нотарите за подрачјата на другите основни судови на територијата на РСМ споредено со нотарите за подрачјето на градот Скопје. Нотарите од подрачјето на основните судови на градот Скопје во 2025 година имаат остварено добивка во вкупен износ од 225.957,743 денари додека вкупната остварена добивка на територијата на целата држава изнесува вкупно 467. 101. 558 денари, што значи дека добивката на нотарите од Скопје изнесува 48,4 % од вкупната добивка на сите нотари од останатите подрачја на другите основни судови. Во 2025 година просекот по нотар по вкупна добивка е зголемен за 25,5 % од што се заклучува дека нотарите имале успешна година во поглед на реализираните добивки од нивното вршење на нотарската служба.

5. Именување, престанок на службата и надзор над работењето на нотарите

Бројот на нотарите за подрачјата на основните судови е определен со Правилникот за бројот и распоредот на службените седишта и службените подрачја за кои се именуваат нотарите објавен во („Службен весник на Република Македонија„ бр.226/16) и според Правилникот, вкупниот број на нотарите во Република Македонија изнесува 228 нотари.

Во 2025 година нотарската служба ја вршеа 219 нотари од кои во текот на 2025 година на 11 нотари им престана службата нотар и тоа на 8 нотари поради навршени 64 години возраст, а на 3 нотари им престана нотарската служба по нивно барање

Во нотарските канцеларии вкупно се вработени 611 лица од кои 85 во својство на помошник - нотар, 161 нотарски стручни соработници, 82 нотарски приправници, 18 нотарски приправници-волонтери и 265 административни службеници.

6. Надзор над законитоста на работењето на нотарите

Согласно Законот за нотаријатот, министерот за правда врши надзор над законитоста на работењето на нотарите како и надзор над законитоста и ефикасноста на работењето на Нотарската комора на Република Македонија.

Надзорот над работата на нотарите кој го врши Министерството за правда е во насока на воедначување и унифицирање во постапувањето на нотарите при вршењето на нотарската служба, а надзорот по конкретни предмети се врши по поднесени претставки против работењето на нотарите.

Редовниот надзор над работењето на нотарите го опфаќа надзорот над работата на нотарите во делот на водењето и чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, начинот на примање и чување на нотарските исправи и нивното издавање, уредноста на архивата на нотарот, формата, начинот на пишување и обележување на нотарските исправи на нотарите, елекронското водење на уписниците и имениците согласно Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето и чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и

предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија („Службен весник на РМ" бр. 226/16, 80/17 и 110/18), кој започна да се применува од 01.07.2020 година, како и целокупното работење на нотарите при вршењето на нотарската служба, освен во оставинските предмети каде надзор вршат судовите кои им ја довериле работата на нотарите.

Министерството за правда во 2025 година изврши вкупно 49 надзори, од кои 39 редовни надзори и 10 надзори по конкретни предмети по поднесени претставки согласно Законот за постапување по претставки и предлози.

Министерството за правда во 2025 година прими 24 претставки, од кои 14 претставки се завршени согласно член 5 од Правилникот за начинот на вршење на надзор над законитоста на работењето на нотарот („Службен весник на Република Македонија“ бр.75/19) односно со одговор до подносителите и 10 претставки со надзор по конкретен предмет над работата на нотарите.

Врз основа на состојбите констатирани во Извештаите од извршените надзори, Министерството за правда како овластен предлагач согласно Законот за нотаријатот во 2025 година до Дисциплинскиот совет при Нотарската комора, согласно членот 134 став (1) и (4) од Законот за нотаријатот поднесе 17 предлози за поведување на дисциплинска постапка.

Претседателот на Нотарската комора во текот на 2025 година како овластен предлагач согласно Законот за нотаријатот до Дисциплинскиот совет на Нотарската комора поднел 5 предлози за поведување на дисциплинска постапка против нотари.

Од поднесените предлози, Дисциплинскиот совет на Нотарската комора во текот на 2025 година, разгледал 15 предлози за дисциплинска постапка а одлучил по 14 предмети по што биле донесени следните одлуки:

- 1 (еден) предмет-одбиен поради настапена застареност за дисципл.постапка,

- 2 (два) предмети - јавна опомена,
- 2 (два) предмети – јавна опомена и ослободен од одговорност по 1 точка,
- 3 (три) предмети – јавна опомена и писмена опомена,
- 4 (четири) предмети - писмена опомена,
- 1 (еден) предмет – писмена опомена и ослободен од одговорност по една точка,
- 1 (еден) предмет - ослободување од одговорност,
- 1 (еден) предмет - одложен поради добивање на дел од списи,

Дисциплинскиот совет на Нотарската комора во текот на 2025 година разгледал **и шест предлози** за поведување на дисциплинска постапка од кои **пет** поднесени од Министерството за правда во 2024 година и еден предлог поднесен од претседателот на Нотарска комора по што било одлучено:

- (1) еден предмет – одбиен поради настапена застареност,
- (2) два предмети – одлободени од одговорност,
- (1) еден предмет – изречена парична казна,
- (1) еден предмет – изречена јавна опомена и писмена опомена, и ослободен по една точка.
- (1) еден предмет – изречена јавна опомена и ослободен од одговорност по една точка.

Во текот на 2025 година до Второстепениот дисциплински совет биле поднесени две жалби кои се одбиени како неосновани, а решенијата на Дисциплинскиот совет на Нотарската комора се потврдени. Против двете решенија на Второстепениот дисциплински совет од страна на нотарите е поднесена тужба и се води управен спор.

7. Соработка на Министерството за правда и Нотарската комора на Република Северна Македонија

Министерството за правда има постојана соработка со Нотарската комора на Република Северна Македонија, се со цел да се придонесе во развојот и унапредувањето

на улогата на нотарите и придонес кон развојот на нотаријатот во Република Северна Македонија.

ТАБЕЛА 1: Оставини

ПОДРАЧЈЕ	ОСТАВИНИ	РЕШЕНИ ОСТАВИНИ	ОСТАВИНИ	РЕШЕНИ ОСТАВИНИ	ОСТАВИНИ	РЕШЕНИ ОСТАВИНИ	Процент на зголемување/намалување решени оставински предмети споредбено 2024/2025
	2023		2024		2025		
Скопје	5101	3576 (70%)	5184	3445 (66%)	5241	3595 (68,59%)	4,35%
Битола	1507	1027 (68%)	1474	922 (63%)	1476	883 (59,82%)	-4,22%
Берово	175	110 (62%)	244	164 (67%)	228	119 (52,19%)	-27,43%
Велес	544	468 (86%)	504	370 (73%)	486	360 (74,07%)	-2,70%
Виница	148	136 (91%)	140	129 (92%)	129	115 (89,14%)	-10,85%
Гевгелија	340	277 (81%)	388	348 (90%)	407	365 (89,68%)	4,88%
Гостивар	809	535 (66%)	775	430 (95%)	866	526 (60,73%)	22,32%
Дебар	231	150 (64%)	245	106 (43%)	212	163 (76,88%)	53,77%
Делчево	170	137(80%)	192	157 (82%)	292	102 (34,93%)	-35%
Кичево	500	376 ((75%)	547	347 (63%)	519	428 (82,46%)	23,34%
Кочани	356	275(77%)	376	281 (75%)	415	315 (75,90%)	12%
Куманово	1045	885(84%)	1068	872 (82%)	1111	866 (77,94%)	-0,68%
Кратово	91	74 (79%)	101	88 (88%)	84	61 (72,61%)	-30,68%
Кавадарци	355	268 (75%)	287	276 (97%)	313	287 (91,69%)	3,98%
Кр.Паланка	338	175 (52%)	320	211 (66%)	357	95 (26,61%)	-54,97%
Крушево	99	82 (82%)	82	71 (87%)	102	72 (70,58%)	1,40%
Неготино	246	149 (61%)	211	158 (75%)	193	138 (71,5%)	-12,65%
Охрид	719	337 (47%)	645	418 (65%)	805	422 (52,42%)	0,95%
Прилеп	901	630(70%)	949	640 (67%)	939	618 (65,81%)	-3,43%
Радовиш	231	221 (96%)	261	247 (95%)	193	160 (82,9%)	-35,22%
Ресен	224	135 (60%)	176	103 (59%)	260	139 (53,46%)	34,95%
Струга	418	212 (51%)	386	290 (75%)	388	255 (65,72%)	-12%
Струмица	572	429 (75%)	594	449 (76%)	592	436 (73,64%)	-2,89%
Св.Николе	135	123 (91%)	142	138 (97%)	157	144 (91,71%)	4,34%
Тетово	1455	1295(89%)	1419	1223 (86%)	1387	1176 (84,78%)	-3,84%
Штип	408	327 (80%)	458	383 (84%)	499	401 (80,36%)	4,69%
ВКУПНО	17118	12391 (72%)	17168	12046 (70%)	17651	12241 (69%)	1,61%

ТАБЕЛА 2: предлози врз основа на веродостојна исправа (нотарски платни налози)

	Предлози врз основа на веродостојна исправа	Правосилни и извршни решенија 2023 (во број и %)	Предлози за издавање на решение за нотарски платен налог	Правосилни и извршни решенија 2024 (во број и %)	Предлози за издавање на решение за нотарски платен налог	Правосилни и извршни решенија 2025 (во број и %)	Процент на зголемување/намалување правосилни извршни решенија споредбено 2024/2025 година
	2023		2024		2025		
Скопје	87753	53174 (60,59%)	130470	67506 (51,74%)	93513	52896 (56,56%)	-21,46%
Битола	7424	5750 (77,45%)	8740	5035 (57,60%)	7484	4530 (60,52%)	-10,02%
Берово	636	593 (93,23%)	780	725 (92,94%)	738	651 (88,21%)	-10,20%
Велес	4854	3632 (74,82%)	4931	2694 (54,63%)	5967	5084 (85,25%)	88,71%
Виница	954	907 (95%)	1011	985 (97,42%)	872	746 (85,55%)	-24,26%
Гевгелија	3175	2316 (72,94)	3903	3096 (79,32%)	3456	3111 (90%)	0,48%
Гостивар	7098	6099 (85,92%)	4593	4423 (96,23%)	4219	3668 (86,94%)	-17,06%
Дебар	545	452 (82,93%)	786	224 (28,49%)	779	459 (58,92%)	104,91
Делчево	722	613 (84,9%)	1000	769 (76,9%)	1002	556 (55,48%)	-27,69%
Кичево	3504	2927 (83,53%)	3851	2849 (73,98%)	3455	2560 (74,05%)	-10,14%
Кочани	4482	2633 (58,74%)	5159	2668 (51,71%)	4004	3142 (78,47%)	17,76%
Куманово	8963	6766 (75,48%)	14623	9740 (66,60%)	11564	7345 (63,51%)	-24,58%
Кратово	336	243 (72,32%)	406	316 (77,93%)	287	173 (60,27%)	-45,25%
Кавадарци	3283	2698 (82,18%)	3641	2718 (74,64%)	3129	2551 (81,52%)	-6,14%
Кр.Паланка	722	360 (49,86%)	912	480 (52,63%)	821	603 (73,44%)	25,62%
Крушево	366	339 (92,62%)	579	472 (81,51%)	343	302 (88,04%)	-36,01%
Неготино	1553	1430 (92%)	1606	1465 (91,22%)	1489	1349 (90,59%)	-7,91%
Охрид	13642	9315 (68,28%)	19938	13655 (68,48%)	25717	17452 (67,86%)	27,80
Прилеп	7053	5309 (75,27%)	7433	6323 (85,06%)	6776	5186 (76,53%)	-17,98%
Радовиш	1383	819 (59,21%)	1839	1405 (76,40%)	1828	1448 (79,21%)	3,06%
Ресен	523	392 (74,95%)	697	413 (59,25%)	471	388 (82,37%)	-6,05%
Струга	3955	2505 (63,33%)	4069	2827 (69,47%)	6463	3274 (50,65%)	15,81%
Струмица	5593	3988 (71,30%)	5597	4755 (84,95%)	5251	4163 (79,23%)	-12,45%
Св.Николе	1094	1001 (91,49%)	1429	1386 (96,99%)	1049	992 (94,56%)	-28,42%
Тетово	7533	4626 (61,4%)	9389	6570 (69,97%)	31054	14595 (46,99%)	122,14%
Штип	4355	3307 (75,93%)	5468	4405 (80,55%)	6064	4543 (74,91%)	3,13%
ВКУПНО	180679	121834 (67,43%)	242850	147904 (60,90%)	227795	138651 (60,86%)	-6,25%

ТАБЕЛА 3 : Општ деловен уписник (ОДУ)

Подрачја на нотарите	Број на ОДУ предмети во 2023 година	Број на ОДУ предмети во 2024 година и Процент на згол./намал. на предмети споредбено 2023/2024	Број на ОДУ предмети во 2054 година и Процент на згол./намал. на предмети споредбено 2024/2025
Скопје	47612	48451 (1,76%)	50938 (5,13%)
Битола	7006	7171 (2,35%)	7413 (3,37%)
Берово	1560	1373 (-11,98%)	1387 (1.01%)
Велес	5075	5507 (8,51%)	5959 (8,20%)
Виница	1487	1467 (-1,34%)	1621 (10,49%)
Гевгелија	3006	3258 (8,38%)	3644 (11,84%)
Гостивар	11282	10295 (-8,74%)	9175 (-10,87%)
Дебар	855	1087 (27,13%)	901 (-17,11%)
Делчево	1763	1813 (2,83%)	1667 (-8,05%)
Кичево	2159	2155 (-0,18%)	2338 (8,49%)
Кочани	3890	4028 (3,54%)	3874 (-3,82%)
Куманово	8268	8206 (-0,74%)	7980 (-2,75%)
Кратово	311	233 (-25,08%)	166 (-28,75%)
Кавадарци	3059	3041 (-0,58%)	2974 (-2,20%)
Кр.Паланка	653	876 (34,15%)	958 (9,36%)
Крушево	369	340 (-7,85%)	381 (12,05%)
Неготино	1070	1211 (13,17%)	1197 (-1,15%)
Охрид	4264	4563 (7,01%)	4801 (5,21%)
Прилеп	5991	5986 (-0,08%)	6616 (10,52%)
Радовиш	1591	1592 (0,06%)	1633 (2,57%)
Ресен	1486	1565 (5,31%)	1783 (13,92%)
Струга	2730	3155 (15,56%)	3412 (8,14%)
Струмица	7252	7304 (0,71%)	8437 (15,51%)
Св.Николе	912	770 (-15,57%)	798 (3,63%)
Тетово	6224	6557 (5,35%)	7368 (12,36%)
Штип	4446	4623 (3,98%)	5093 (10,16%)
ВКУПНО	134321	136627 (1,71%)	142514 (4,30%)

ТАБЕЛА 4 : Уписник за заверки и потврди (УЗП)

Подрачја на нотарите	Број на УЗП предмети во 2023 година	Број на УЗП предмети во 2024 година	Број на УЗП предмети во 2025 година
Скопје	624282	680192 (8,95%)	705436 (3,71%)
Битола	77201	81060 (4,99%)	79852 (-1,49%)
Берово	6813	6067 (-10,94%)	6716 (10,69%)
Велес	39125	42473 (8,55%)	40514 (-4,61%)
Виница	11008	9303 (-15,44%)	9664 (3,88%)
Гевгелија	24749	24998 (1%)	28268 (13,08%)
Гостивар	61698	64516 (4,56%)	65526 (1,56%)
Дебар	12294	12324 (0,24%)	11298 (-8,32%)
Делчево	11121	10934 (-1,68%)	10489 (-4,06%)
Кичево	31837	31332 (-1,58%)	32104 (2,46%)
Кочани	28869	29745 (3,03%)	30149 (1,35%)
Куманово	95724	97223 (1,56%)	103696 (6,65%)
Кратово	2761	2813 (1,88%)	2668 (-5,15%)
Кавадарци	29764	32600 (9,52%)	36042 (10,55%)
Кр.Паланка	16224	21109 (26,97%)	22589 (7,01%)
Крушево	2663	2480 (-6,87%)	2988 (20,48%)
Неготино	11117	11044 (-0,65%)	12072 (9,30%)
Охрид	47357	52987 (11,88%)	54791 (3,40%)
Прилеп	53413	54946 (2,87%)	58656 (6,75%)
Радовиш	16330	19266 (17,97%)	16549 (-14,10%)
Ресен	11038	10898 (-1,26%)	12151 (11,49%)
Струга	30375	31405 (3,39%)	34741 (10,62%)
Струмица	52081	53575 (2,86%)	56990 (6,37%)
Св.Николе	11154	11643 (4,38%)	12811 (10,03%)
Тетово	115261	116996 (1,50%)	120177 (2,71%)
Штип	50348	52987 (5,24%)	43246 (-18,38%)
ВКУПНО	1474607	1564916 (6,12%)	1610183 (2,89%)

Табела: 5 Приходи и расходи на нотарите

Подрачје на нотар	Вкупен приход до 1 милион ден.			Вкупен приход од 1 до 2 милиони ден.			Вкупен приход од 2 до 3 милиони ден.			Вкупен приход од 3-5 милиони ден.			Вкупен приход над 5 милиони ден.			Добивка до 1 милион ден.по прикажани трошоци			Добивка од 1 до 2 милиони ден. По прикажани трошоци			Добивка од 2 до 3 милиони ден.по прикажани трошоци			Добивка од 3-5 милиони ден.по прикажани трошоци			Добивка над 5 милиони ден.по прикажани трошоци			Број на нотари
	2023	2024	2025	2023	2024	2025	2023	2024	2025	2023	2024	2025	2023	2024	2025	2023	2024	2025	2023	2024	2025	2023	2024	2025	2023	2024	2025	2023	2024	2025	
Скопје	5	8	3	7	5	6	7	6	3	9	12	12	38	39	40	18	26	18	16	11	9	7	9	9	11	8	13	14	16	15	64
Битола					1		5	3	3	4	6	4	4	4	6	3	6	3	8	6	3		2	3	2		3			1	13
Берово	1			2			1			1	2	2				3		1		2	1										2
Велес		1	1		2		3	2	2	4	4	4			1	3	3	3	3	2	2	1	3	1		1	2				8
Виница							1	2	1	1		1				1	1	2	1	1											2
Гевгелија		1			2	1	1			2	4	3	2		2	3	4	3	1	1			2	1	1		2				6
Гостивар				2	3	1	5	3	3	2	2	2	2	3	3	7	7	5	1	3	1	3	1	2			1				10
Дебар		1	1	2	1	1				1		1		1		2	2	3					1		1						3
Делчево							1	1	1	1	1	1				1	1	2	1	1											2
Кичево	2			1	2	1	3		2	2	4	3				7	4	3	1	1	2		1	1							6
Кочани	1	1				1				3	2	1	1	2	3	1	2	1	2	1	1	1	2	1	1		2				5
Куманово		1		1	3	2	6	6	6	4	1	2	2	1	4	8	10	10	3	1	1	1		2	1	3			1	1	14
Кратово						1	1	1										1	1	1											1
Кавадарци							1			5	6	6				2		2	2	5	3	1	1	1	1						6
Кр.Паланка	1								1	1	2				1	1		1		1	1		1								2
Крушево				1				1	1							1	1	1													1
Неготино										1	1		1	1	2	1				2		1		2	1						2
Охрид				2	1	1		1		2	4	4	3	2	3	3	1	5	2	5				2	1	2	1	1			8
Прилеп		1	1	1	1	1	1			3	4	3	3	3	4	1	3	3	4	3	1	3	3	3			2				9
Радовиш	1								1		1		1	1	1	1	1	1				1	1				1				2
Ресен	1				1			2		2		2				1	2		1		1	1	1	1							2
Струга	1	1		1		2	1	1	1	2	1	3	1	2	1	2	4	2	1	2	4	1	1	1	2						7
Струмица	1			1	2		1	2	2	4	5	3	3	3	5	4	5	1	1	2	4	1	1	3	3	2	2	1			10
Св.Николе				1			1	2	3	1	1						1	2	3	1	1		1								3
Тетово				2	1	1	2	4	1	5	4	4	4	5	8	5	7	4	4	4	5	3	1	1	1	2	3			1	14
Штип	1	1			2		3	3	3	5	3	4	1	2	2	2	6	1	5	1	4	2	2	3	1	2	1				9
ВКУПНО	15	16	6	22	27	19	41	40	34	69	73	65	64	69	86	81	97	78	61	57	44	27	34	37	26	20	33	16	17	18	229

Подрачје	Бруто приходи	Расходи	Бруто приходи	Расходи	Бруто Приходи	Расходи	Вкупно нето приход (ДОБИВКА)			Просек по нотар по вкупен приход	Просек по нотар по добивка	Просек по нотар по вкупен приход	Просек по нотар по добивка	Просек по нотар по вкупен приход	Просек по нотар по добивка	% на зголемување/намалување на бруто приход	% на зголемување/намалување на расход	% на зголемување/намалување на добивка	% на зголемување/намалување на просек по нотар по вкупен приход	% на зголемување/намалување на просек по нотар по вкупна добивка
	2023		2024		2025		2023	2024	2025	2023		2024		2025		2024/2025	2024/2025	2024/2025	2024/2025	2024/2025
Скопје	475,615,800	293,824,350	531,547,271	329,225,564	553,243,322	326,985,549	181,791,496	202,321,706	225,957,743	7,206,300	2,754,416	7,593,532	2,890,310	8,644,426	3,530,589	4.1	-0.7	11.7	13.8	22.2
Битола	56,994,501	29,177,939	59,027,194	36,118,482	64,200,869	33,138,720	27,816,562	22,908,712	31,062,149	4,384,192	2,139,735	4,216,228	1,636,336	4,938,528	2,389,396	8.8	-8.2	35.6	17.1	46.0
Берово	6,003,274	4,790,641	5,864,055	4,605,327	6,936,884	5,006,273	1,212,813	1,258,728	1,930,611	2,001,091	404,271	2,932,027	629,364	3,468,442	965,305	18.3	8.7	53.4	18.3	53.4
Велес	25,054,511	15,485,233	26,780,246	14,679,310	27,770,129	14,851,422	9,569,278	12,100,936	12,918,707	3,579,215	1,367,039	2,975,582	1,344,548	3,471,266	1,614,838	3.7	1.2	6.8	16.7	20.1
Виница	4,906,628	3,609,451	5,315,559	3,688,256	6,364,157	5,198,562	1,297,177	1,647,303	1,165,595	2,453,314	648,588	2,657,779	823,651	3,182,078	582,797	19.7	40.9	-29.2	19.7	-29.2
Гевгелија	24,144,462	13,941,605	24,952,367	17,331,423	27,651,442	16,001,069	10,202,311	7,620,944	11,650,373	4,828,892	2,040,462	3,564,623	1,088,706	4,608,573	1,941,728	10.8	-7.7	52.9	29.3	78.4
Гостивар	39,437,845	28,913,762	40,564,471	33,702,996	40,345,918	28,355,453	10,524,083	6,861,475	11,990,465	3,585,258	956,734	3,687,679	623,770	4,482,879	1,332,273	-0.5	-15.9	74.8	21.6	113.6
Дебар	6,535,078	4,581,087	7,930,208	5,688,234	5,842,169	5,276,597	1,953,991	2,241,974	565,572	2,178,359	651,330	2,643,402	747,324	1,947,389	188,524	-26.3	-7.2	-74.8	-26.3	-74.8
Делчево	6,429,044	5,267,933	7,174,971	4,999,754	7,415,125	5,702,889	1,161,111	2,175,217	1,712,236	3,214,522	580,555	3,587,485	1,087,608	3,707,562	856,118	3.3	14.1	-21.3	3.3	-21.3
Кичево	16,260,714	12,141,616	18,463,896	13,157,591	17,481,746	10,501,108	4,119,098	5,306,305	6,980,638	2,032,589	514,887	3,077,316	884,384	2,913,624	1,163,439	-5.3	-20.2	31.6	-5.3	31.6
Кочани	21,558,737	12,876,681	21,522,205	12,894,871	21,965,947	11,966,437	8,682,056	8,627,334	9,999,510	4,311,747	1,736,411	4,304,441	1,725,466	4,393,189	1,999,902	2.1	-7.2	15.9	2.1	15.9
Куманово	47,916,408	33,270,049	51,170,936	35,869,772	54,855,976	37,299,541	14,646,359	15,301,164	17,556,435	3,685,877	1,126,603	3,411,395	1,020,077	3,918,284	1,254,031	7.2	4.0	14.7	14.9	22.9
Кратово	3,140,924	2,163,808	2,369,816	1,229,080	1,317,833	950,580	977,116	1,140,736	367,253	3,140,924	977,116	2,369,816	1,140,736	1,317,833	367,253	-44.4	-22.7	-67.8	-44.4	-67.8
Кавадарци	22,244,332	14,106,729	23,742,325	13,653,325	24,179,194	16,141,134	8,137,503	10,089,000	8,038,060	3,707,388	1,336,250	3,957,054	1,681,500	4,029,865	1,339,676	1.8	18.2	-20.3	1.8	-20.3
Крива Паланка	4,839,557	2,289,960	6,919,841	3,408,700	7,907,739	5,123,179	2,549,597	3,511,141	2,784,560	4,839,557	2,549,597	3,459,920	1,755,570	3,953,869	1,392,280	14.3	50.3	-20.7	14.3	-20.7
Крушево	1,923,553	1,277,307	2,214,130	1,234,790	2,076,746	1,562,624	646,246	979,340	514,122	1,923,533	646,246	2,214,130	979,340	2,076,746	514,122	-6.2	26.5	-47.5	-6.2	-47.5
Неготино	9,617,908	6,450,882	10,858,301	7,985,751	10,374,663	6,065,724	3,167,026	2,872,550	4,308,939	4,808,954	1,583,513	5,429,150	1,436,275	5,187,331	2,154,469	-4.5	-24.0	50.0	-4.5	50.0
Охрид	32,064,311	20,979,789	38,133,070	23,420,241	42,495,769	30,587,742	11,084,522	14,742,829	11,908,027	4,580,615	1,583,503	4,766,633	1,842,853	5,307,471	1,488,503	11.4	30.6	-19.2	11.3	-19.2
Прилеп	34,021,779	21,588,710	36,907,463	24,620,827	40,790,738	24,732,417	12,450,364	12,268,636	16,058,321	4,252,722	1,566,295	4,100,829	1,842,853	4,532,304	1,784,257	10.5	0.5	30.9	10.5	-3.2
Радовиш	10,055,012	7,221,285	10,116,735	7,524,145	10,854,004	7,150,772	2,833,727	2,592,591	3,703,232	5,027,506	1,416,863	5,058,367	1,296,295	5,427,002	1,851,616	7.3	-5.0	42.8	7.3	42.8
Ресен	6,565,623	2,626,517	7,175,820	3,700,351	7,461,887	4,156,570	3,939,106	3,475,469	3,305,317	2,188,541	1,313,035	2,391,940	1,158,498	3,730,943	1,652,658	4.0	12.3	-4.9	56.0	42.7
Струга	22,204,950	11,136,129	24,852,079	16,763,870	26,481,014	17,375,997	11,068,821	8,088,209	9,105,019	3,700,825	1,844,803	3,550,297	1,153,458	3,783,002	1,300,717	6.6	3.7	12.6	6.6	12.8
Струмица	43,324,655	26,346,661	44,929,161	28,823,475	49,024,191	26,748,661	16,987,994	16,105,686	22,275,530	4,332,465	1,698,799	4,492,916	1,610,568	4,902,419	2,227,553	9.1	-7.2	38.3	9.1	38.3
Свети Николе	7,677,689	3,590,804	9,220,285	4,809,851	7,612,914	4,329,472	4,086,885	4,410,434	3,283,433	2,559,229	1,362,295	3,073,428	1,470,144	2,537,638	1,094,477	-17.4	-10.0	-25.6	-17.4	-25.6
Тетово	57,651,831	39,328,463	64,070,171	46,094,107	80,440,947	49,241,477	18,323,368	17,976,064	31,199,470	4,434,756	1,409,489	4,567,440	1,284,004	5,745,781	2,228,533	25.6	6.8	73.6	25.8	73.6
Штип	36,745,168	20,132,275	38,029,112	24,009,345	40,584,010	23,823,769	16,612,893	14,019,067	16,760,241	3,674,516	1,661,289	3,457,192	1,274,460	4,509,334	1,862,249	6.7	-0.8	19.6	30.4	46.1
Вкупно	1,022,934,294	637,119,666	1,119,851,688	719,219,438	1,185,675,323	718,273,738	385,841,503	400,661,550	467,101,558	4,848,029	1,828,632	4,977,118	1,780,718	5,673,087	2,234,935	5.9	-0.1	16.6	14.0	25.5